# КОМЕНТАР НА ПРЕДЛОГ ЗАКОН ЗА АКЦИЗИ

Империал Тобако ТКС а.д. Скопје како производител, увозник и извозник на тутунски производи ја подржува и поздравува во целост иницијативата за донесување на нов Закон за Акцизи. Наше мислење е дека предложениот текст на Законот претставува чекор нанапред кон јасно регулирање на акцизите како битен сегмент во буџетот на Република Македонија и систем на работење на тутунската индустрија.

Македонија во моментот има закон за акцизите кој ги става во предност цигарите со повисоки цени, поради нискиот процент на пропорционалната акциза.

Високата специфична акциза врши притисок на нискиот сегмент на пазарот каде што цените се зголемуваат секоја година, со тоа туркајќи процентуален дел од пазарот кон црниот пазар.

Македонскиот пазар бележи пад во периодот Јануари - Декември 2017 година за 4% и главно влијаеше на брендовите со ниски цени. Претходната година падот изнесуваше 3%.

Иако комбинираниот модел на акциза е во согласност со препораките на ЕУ, многу нискиот процент од 9% од малопродажната цена по кутија на пропорционалната акциза не е во согласност со практиката на ЕУ.

Со промената на акцизната структура, Владата може да обезбеди и да ги зголеми идните приходи од акцизата на цигарите, да го заштити законски регулираниот пазар од црниот пазар и да донесе фер социјален третман, поради тоа што ниските и премиум потрошувачите не се подеднакво оданочени.

Од горенаведените причини предлагаме измена на член 84 од Предлог Законот за акцизите во однос на стапките на специфичната, пропорционалната акциза и минималната акциза:

**Член 84**
**Акциза на цигари**

(1) Акцизата на цигари од член 78 став (1) од овој закон до 1ви Јули 2019 година изнесува 2,253 денари по парче и 9% од малопродажната цена по кутија. Ако комбинираната акциза е пониска од 2,453 денари по парче, се применува минималната акциза во износ од 2,453 денари за таа количина.

(2) Акцизата на цигари од член 78 став (1) од овој закон од 1ви јули 2019 година изнесува 1,300 денари по парче и 32% од малопродажна цена по кутија. Ако комбинираната акциза е пониска од 2,790 денари по парче, се применува минималната акциза во износ од 2,790 денари за таа количина.

(3) Секој 1ви јули заклучно со 1ви јули 2023 година, износот на специфичната акциза ќе се зголемува за 0,10 денари по парче, износот на пропороционалната акциза ќе се зголемува за 1% од малопродажната цена по кутија а минималната акциза ќе се зголемува за 0,21 денари по парче.